# Браќата Манаки и Кемал Ататурк во стрип-приказна






Приказната во стрипот поврзува два големи и значајни града на Отоманската империја, Истанбул и Битола, како и ликови од историјата кои оставиле свој печат на балканските простори

Пишува **Тони Димков**

**Автентичната приказна на Александар Сотировски со наслов „Дневникот на изгубената надеж“ е публикувана во турското стрип-издание „Чизтанбул“**

Во организација на турската издавачка куќа „Студио Родео“ беше осмислен проект за поголема промоција на стрип-културата во Турција. За таа цел, автори (сценаристи и илустратори) од цел свет беа поканети во Истанбул на краткотрајно истражување што понатаму би придонело за креирање стрип-стории кои во себе ќе ги спојат енергијата, традицијата и духот на Истанбул. По селекцијата од страна на издавачот, беа избрани осум приказни што подоцна беа публикувани во стрип-издание со наслов „Чизтанбул“. Името на проектот е кованица од зборовите стрип (чизги роман) и Истанбул, што суштински го доловува концептот на проектот.

Истакнати автори, како Чарлс Вес, Роберто Дисо, Дани и Хименез, на стотина страници ги претставија своите видувања на Истанбул. Македонија гордо се врои меѓу најпознатите имиња на стрип-сцената, со автентичната приказна на Александар Сотировски со наслов „Дневникот на изгубената надеж“. Приказната поврзува два големи и значајни града на Отоманската империја, Истанбул и Битола, како и ликови од историјата кои оставиле свој печат на балканските простори. Сценариото на Сотировски е поставено помеѓу реалноста и фикцијата, помеѓу сегашноста и минатото и помеѓу две животни приказни. Нарацијата е збогатена со живописниот цртеж, со филмското решавање на кадрите во секоја од таблите поединечно, што на стрипот му донесе одлични рецензии од врвни автори и критичари.






„Многу работи нè поврзуваат со Турција. За нив сме дел од заедничкото минато, на кое се гледа со огромна почит, имајќи предвид дека еден од великаните и основоположникот на современа Турција, Мустафа Кемал Ататурк, на нашите простори ги помина момчешките и школските денови. Идејата тој факт да се искористи за стрип-сценарио се наметна сама по себе. Почувствував дека тоа би било нешто што и мене ми е блиско и за кое можам да проговорам и да им го доближам на Турците. Се разбира, со желба приказната да ја надградам со истакнати личности од нашата историја, ги поврзав нашите филмациски херои браќата Манаки со раните денови на Ататурк“, објасни Сотировски.

Стрипот „Дневникот на изгубената надеж“ целосно ќе биде претставен пред македонската публика во рамките на дополнителната програма на 33. издание на Фестивалот „Браќа Манаки“. Промоцијата ќе се одржи на 17 септември во Завод и музеј – Битола. Изложбата на стрип-таблите ќе биде поставена до 21 септември, односно до завршувањето на Фестивалот.